		Стр.
	непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на Електрична енергија Скопје	62
3314.	**Решение** за именување в.д. директор на Управата за извршување на санкциите	62
3315.	**Решение** за престанок на мандат на член на Советот	62
3316.	**Решение** за престанок на мандат на член на Советот	63
3317.	**Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата	63
	Огласен дел	1-80

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3298.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 октомври 2013 година.

Бр. 07-3721/1
3 октомври 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Член 1

Во Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" број 92/2007, 136/11, 23/13 и 25/13), во членот 2 став (2) по зборот "полицијата" се додаваат зборовите: "Царинската управа".

Член 2

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за безбедност и здравје при работа.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

L I GJ
PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURI DHE SHËNDET GJATË PUNËS

Neni 1

Në Ligjin për siguri dhe shëndet gjatë punës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 92/2007, 136/11, 23/13 dhe 25/13), në nenin 2 paragrafi (2) pas fjalës "policia" shtohen fjalët: "Drejtoria Doganore".

Neni 2

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë që të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për siguri dhe shëndet gjatë punës.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

3299.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВОСУДНИОТ ИСПИТ

Се прогласува Законот за правосудниот испит,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 октомври 2013 година.

Бр. 07-3728/1
3 октомври 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ПРАВОСУДНИОТ ИСПИТ

I. Општи одредби

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на спроведување на постапката за полагање на правосудниот испит (во натамошниот текст: испит) на дипломирани правници на правен факултет (во натамошниот текст: дипломирани правници).